09- 1610/2
27 -04- 2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, на 66 - та седница, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст ДКСК) одржана на ден 21 април 2022 година, ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката за утврдување состојба на судир на интереси заведена под бр. 09-1610/1 од 07.03.2022 година, оформена врз основа на доставена пријава од познат подносител против лицето ----- ----, судија во ----- ---, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите во пријавата не се потврдуваат, односно со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-1610/1 од 07.03.2022 година е оформен врз основа на доставена пријава од познат подносител против сопругата на ----- ----, обвинител во Обвинителството -- ------ --- ------ -- ------, затоа што истата била избрана за судија во ----- ---, меѓутоа ја немала завршено обуката во Академијата за судии и јавни обвинители, односно ја напуштила обуката пред нејзиното завршување.

Имајќи ги во предвид наводите во пријавата, а со цел утврдување на фактичката состојба, Државната комисија го пребара огласот бр. 08-45/2 од 15.01.2019 година за вработување на двајца судии во ------- ----, кој меѓу другото е јавно достапен и објавен во Службен весник на РСМ на ден 17.01.2019 година.

Кандидатите за избор на судија на Управниот суд треба да ги исполнува условите предвидени во член 45 од Законот за судовите (сл. весник на РМ бр.58/2006), в.в со член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (сл. весник на РМ бр. 150/2010), како и посебните услови од член 17 став 2 алинеја 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (сл. весник на РМ бр.150/2010) во врска со член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (сл. весник на РМ бр.83/2018). Огласот е со бр. 08-45/2 од 15.01.2019 година.

Согласно законските одредби врз основа на кои е објавен огласот за вработување на двајца судии во -------- --- Скопје, а кои во тој момент биле важечки законски прописи во РСМ, односно Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (сл. весник на РМ бр. 150/2010),

*во член 17 став 2 се предвидува дека членот 46 се менува и гласи:*

*(2) Посебни услови за избор на судија во Управниот и во Вишиот Управен суд се:*

- *„за судија на Управниот суд може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку четири години непрекинат судиски стаж како судија во основен суд до моментот на пријавувањето за избор и кое во последната година од страна на Судскиот совет на РМ е оценето со највисока позитивна оцена и во однос на другите пријавени лице има добиено најголем број бодови, согласно со закон или лице кое има пет години стаж на правни работи во државен орган со потврдени резултати во работата или кое во последната година е оценето со највисока позитивна оцена, согласно со закон.“*

Од вака цитираната законска одредба од Законот за изменување и дополнување на Законот за судови, произлегува дека кандидатите кои аплицираат на оглас за вработување во ----- --- во Скопје, не се бара да имаат завршено циклус на обуки на Академијата за судии и јавни обвинители, туку се предвидени други услови кои треба да бидат исполнети.

Исто така, во Одлуката за избор на судија на Управен суд донесена на седница на Судскиот совет на РСМ одржана на ден 02.10.2019 година, со која за судија на Управниот суд се избира ------- -----, е наведено дека кандидатот ги исполнува сите услови предвидени со Законот и дека на денот на изборот за судија, ја има завршено и Академијата за судии и јавни обвинители.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на 21.04.2022 година, констатира дека постапката по предметот со број 09-1610/1 од 07.03.2022 година ќе се запре и истиот да се затвори и архивира бидејќи наводите во пријавата не се потврдуваат, поради што Државната комисија нема елементи за нејзино натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: м-р В.Г, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk